Врз основа на Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на Република Македонија бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16, и 64/18), Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје, ул. Наум Наумовски Борче бр.40, кат 4, на ден 08.03.2021 година ја донесе следната:

# ПРОЦЕДУРА

За начинот на собирање, обработка и чување на личните податоци на субјектите кои учествуваат во наградните игри

Член 1

Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје, личните податоци на учесниците во наградната игра ги обработува само за цел на спроведување/организирање на наградната игра "ЖИТО ЛУКС КУПУВАМ - ЗЛАТНИК ДОБИВАМ! 20 ЗЛАТНИЦИ ЗА 20 НАЈСРЕЌНИ КУПУВАЧИ!'' која ќе биде во времетраење од 01.11.2020 до 13.12.2020 година.

Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на учесниците во наградната игра "ЖИТО ЛУКС КУПУВАМ - ЗЛАТНИК ДОБИВАМ! 20 ЗЛАТНИЦИ ЗА 20 НАЈСРЕЌНИ КУПУВАЧИ!'', нивните законски застапници, или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите соодветни позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје, а Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје за целите на спроведување/организирање на наградната игра ќе ги обработува следните лични податоци: - име и презиме и телефонски број.

Личните податоци кои ќе бидат обработени од страна на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје со цел спроведување/организирање на наградната игра, односно личните податоци кои учесниците во наградната игра ќе ги внесат во наградниот купон а кои се состојат од име и презиме и телефонски број на учесникот ќе се чуваат 60 (шеесет) дена по завршувањето на наградната игра. По завршување на наградната игра личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

Учесникот исто така се согласува дека во случај да е добитник на награда, на барање на Организаторот, и во случај вредноста на наградата да е повисока од 5.000 денари, ќе му го обезбеди и својот матичен број. Во случај кога добитникот на наградата, во согласност со Законот за данокот на личен доход, е и даночен обврзник, тогаш Организаторот тие лични податоци ќе ги употреби единствено со цел плаќање на данокот на доход и за таа цел заедно со името, презимето и матичниот број на добитникот ќе ги достави на надлежната даночна управа. Во овој счучај личните податоци прибавени од добитниците на наградите во вредност повисока од 5.000,00 денари ќе се чуваат 6(шест) месеци по завршувањето на наградната игра. По завршување на наградната игра личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

**Објавување на добитниците**

Добитниците на наградите ќе бидат јавно објавени на збирна листа на интернет страница www.zitoluks.com.mk. Контролорот ќе го објави името и презимето и телефонскиот број на добитниците на награди. Објавата на телефонскиот број ќе биде во следниот формат: 070 111 1XX, со цел да се заштити идентитетот на добитниците на награди.

**Право на информирање, исправка и рекламација**

Член 2

Доколку личните податоци кои учесниците ги имаат наведено заради учество во наградната игра се неточни или нецелосни, имаат право од Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје да побарате истите да бидат исправени. Барањето за исправка на личните податоци можат да го извршат преку доставување на барање за исправка на личните податоци по пошта на следната адреса: „ул. Наум Наумовски Борче бр.40, кат 4, 1000 Скопје“ со назнака “за Офицерот за заштита на лични податоци” или преку следната електронска адреса: martina.dabevska@epp.mk. Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје ќе постапи по доставеното барање за исправка на личните податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето. Доколку учесниците во наградната игра сакаат нивните лични податоци да бидат избришани, односно да го искористат правото „да бидат заборавени“ согласно одредбите на Законот за заштита на личните податоци, истото може да се направи со доставување на барање за бришење на лични податоци, по пошта на следната адреса: „ ул. Наум Наумовски Борче бр.40, кат 4, 1000 Скопје“ со назнака “за Офицерот за заштита на лични податоци” или преку следната електронска адреса martina.dabevska@epp.mk. Барањето за бришење на лични податоци може да се достави доколку:

1) личните податоци повеќе не се потребни за спроведување/ организирање на наградната игра;

2) При повлекување на согласноста за правилата на наградна игра и обработка на личните податоци;

3) При поднесување на приговор на обработката на личните податоци, при што не постојат преовладувачки легитимни цели за обработката од страна на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје.

Обработката на личните податоци може да се ограничи по претходно барање со доставување на барање за ограничување на обработката на личните податоци, по пошта на следната адреса: „ ул. Наум Наумовски Борче бр.40, кат 4, 1000 Скопје" со назнака "за Офицерот за заштита на лични податоци" или преку следната електронска адреса martina.dabevska@epp.mk доколку е исполнет некој од следните услови:

- доколку се оспорува точноста на личните податоци, за период кој му овозможува на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје да ја провери точноста на личните податоци;

- обработката е незаконска и учесникот се спротивставува на бришењето на личните податоци, при што наместо бришење бара ограничување на нивната употреба;

- Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје нема повеќе потреба од личните податоци за целите на обработка, но учесникот ги бара со цел за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања.

Доколку учесникот смета дека обработката на неговите лични податоци за цел на спроведување/организирање на наградната игра од страна на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое негово право за заштита на личните податоци, може да се обрати до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и за заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци.

**Технички и организациони мерки кои се применуваат при обработката на лични податоци**

Член 3

Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје обезбедува организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци во поглед на информирањето на вработените за обврската за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, физичката заштита на работните простории и опремата и заштита на информацискиот систем како целина, вклучувајќи го и евентуалниот пренос на податоците.

Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје обезбедува соодветни организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци

при автоматизираната обработка на личните податоци, преку дефинирање на правилата кои се однесуваат на следните барања:

- ограничен пристап, односно идентификација за пристап до личните податоци, преку целосна доверливост и сигурност на лозинките и на останатите форми на идентификација;
- воспоставување и примена на организациски правила за пристап на овластените лица до интернет, кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронската пошта и други извори;
- уништување на документи кои содржат лични податоци по истекување на рокот на нивно чување, со примена на правила утврдени со документацијата за технички и организациски мерки;
- почитување на правилата како и техничките и организационите мерки за заштита на лични податоци кои важат при рачната обработка на лични податоци со обезбедување на физичка заштита и сигурност на кутиите во кои се собираат наградните купони.
- издавање на посебни овластувања од страна на управителот на Друштво за маркетинг и пропаганда ЕПП КОМЈУНИКЕЈШЕНС ДОО Скопје и воспоставување на контрола при секое изнесување на било кој медиум кој е носител на лични податоци (преносен компјутер, мемориски стик, ЦД-диск, преносен тврд диск или други медиуми за пренос на податоци) надвор од работните простории, со цел да не дојде до нивно губење или незаконско користење;
- воспоставување и примена на мерки за физичка сигурност на работните простории и инфоматичко – комуникациската опрема каде што се собираат, чуваат и обработуваат личните податоци;
- почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на информатичко – комуникациската опрема на која се обработуваат лични податоци.

Скопје, 08.03.2021 година